МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Стекнатите искуства од едукативниот престој на* **Universitätsklinikum Hamburg-Eppendorf**

Zentrum für Operative Medizin
Klinik und Poliklinik für Gynäkologie

***(Едукација од областа на гинеколошката онкологија-нови искуства)***

***Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство-Скопје***
***Universitätsklinikum Hamburg-Eppendorf,*** *Zentrum für Operative Medizin, Klinik und Poliklinik für Gynäkologie*

***(01. Март – 31. Мај, 2015 година)***

***Ас. Д-р Сашо Стојчевски***

***Датум на презентација: 01.07.2015***

# *Што претставува Universitätsklinikum Hamburg-Eppendorf?*



Universitätsklinikum
Hamburg-Eppendorf

Првите единици од болницата биле изградени помеѓу 1884 и 1889 година. Од 1913 до1926 год.  Фриц Шумахер ја доградил општата болница, денеска позната како *Fritz-Schumacher-Haus.* Помеѓу останатото имала и Институт за патолошка анатомија со посебна соба за дисекција.

Во 2008 год болницата партиципирала во така наречениот *Tag des offenen Denkmals* (Отворен ден за културното наследство, Day of the open heritage site)—Годишен настан во цела Германија спонзориран од страна на *Deutsche Stiftung Denkmalschutz*, кој ги отвара вратите за јавноста, на зградите кои се сметаат за културно наследство —при што е дозволена посета на *Fritz-Schumacher-Haus* и на тогашната оперциона сала која била сместена во бункер од Втората Светска војна.



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во 2011 год. Болницата се стекнала со Степен 7 од страна на Healthcare Information and Management Systems Society Analytics Europe′s Electronic Medical Record Adoption Model. Ова е награда за воведување на paperless medical record environment пратена со врвна компјутеризирана анализа на клиничките податоци.








Universitätsklinikum Hamburg-Eppendorf (UKE) е најголемата болничка установа помеѓу сите Хамбуршки болници со околу 1600 болнички места. Секоја година медицинскиот центар третира околу 92000 хоспитални пациенти и околу 291000 амбулантски пациенти од кои 122000 итни случаи.

Слично на повеќето универзитетски болници, УКЕ нуди комплетна палета на различни третмани и дијагностички процедури за пациентите од регионот на Хамбург и пошироко, посебно во делот на трансплантационата хирургија.





УКЕ има повеќе од 80 одделенија за третман на комплексни, ретки и хронични синдроми. Широк дијапазон на дијагностички и терапевтски опции кој е достапен за различни метаболни болести, алергии и невролошки заболувања. Пациентите со комплексни болести, карциноми и други пореметувања имаат потреба од сеопфатен третман кој се обезбедува благодарение на интердисциплинарната соработка во самата УКЕ. Модерната единица за цереброваскуларни инсулти обезбедува оптимални услови за третман после акутниот инсулт. Ендоскопските техники, кои дополнително се развиваат и унапредуваат на УКЕ, заедно со различните други дисциплини се интернационално познати. Одделенијата за радиологија и неурорадиологија пружаат широк распон на модерни имиџинг техники.




Universitätsklinikum
Hamburg-Eppendorf


Universitätsklinikum
Hamburg-Eppendorf

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА










МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА







Klinik und Poliklinik für Gynäkologie
Клиника и Поликлиника за Гинекологија

## Конструкција на Клиниката

Директор на Клинката и Поликлиника за Гинекологија
Prof. Dr. Barbara Schmalfeldt

Центар за карцином на дојки
Шеф на Одел: Oberärztin Priv.-Doz. Dr. Isabell Witzel

Рангиран како најдобар центар за третман на карцином на дојка како оперативен така и онколошки, во целиот регион на Северна Германија

Certified according to the criteria of the German Cancer Society eV, the German Society for Senology and ISO 9001: 2000.

# Ovarsprechstunde (отсек за оваријална патологија)



Priv.-Doz. Dr. med. Sven Mahner
Leitender Oberarzt und
Koordinator des
Gynäkologischen Krebszentrums



Dr. med. F. Trillsch
Facharzt



Dr. med. A. Kleppin
Assistenzärztin

State of the art дијагноза и третман на пациентки со оваријален карцином и нејасни промени на овариумите.

-Радикален третман на оваријален карцином (во согласност со стандардите и препораките на FIGO и ESGO)

-Онколошки третман по највисоки стандарди

-Терапијата е базирана според препораките на националните и интернационалните медицински здруженија [German Cancer Society (DKG), Working Group Gynecological Oncology (AGO), American Society of Clinical Oncology (ASCO)]

# Оделение за Гинеколошка онкологија





Oberarzt Dr. med. Jihad Dowaji
Leiter operative gynäkologische Onkologie

State of the art дијагноза и третман на пациентки со цервикален карцином, ендометријален карцином, вагинален и вулварен карцином

-Радикални оперативни техники за третман на овие заболувања (за цевикален и ендометријален карцином изведување на оперативните зафати како со лапаротомија така и ендоскопски (лапароскопска радикална хистеректомија со илијакална и парааортална лимфаденектомија и најновата техника со роботска хирургија - DaVinci робот)

-Оперативен третман на вулварен карцином (радикални операции со реконструктивни техники од домен на пластична хирургија, со ингвинална лимфаденектомија и користење на техниката на sentinel lymphnode со радиоактивен технициум)

# DKG Zertifizierte Dysplasiesprechstunde / Laserzentrum
# Оддел за третман на Дисплазии/ласер центар



Priv.-Doz. Dr. Linn Wölber
Oberärztin



Dr. Inga Bohlmann
Fachärztin



Dr. Janna Strubenhoff
Assistenzärztin

Низ одделот поминуваат повеќе од 2000 пациентки

Дијагностички процедури
- Колпоскопија
- Биопсија и киретажа
- Хистероскопија

Тераписки процедури
- Конзервативен третман
- Ласерска вапоризација
- LEEP, LETZ
- Класична и ласерска конизација

Urogynäkologie / Universitäres Beckenbodenzentrum
Оддел за Урогинекологија и центар за тазова статика

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Oberärztin Frau Dr. Johanna Höink со тимот





Комплентна подготовка и третман на пациентки со проблеми од урогинеколошка природа и пореметувања на тазовата статика, со цела палета на оперативни техники како лапаротомиски и вагинални операции лапароскопски техники, вградување на меш-протези, сакроспинозна колпопексија за третман на волт пролапс, лумбосакрална колпопекија со мерсиленски мрежи и др.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Двапати неделно се организира одржување на т.н. Tumor conference за разгледување и донесување одлуки за третман и следење на сите пациентки со онколошка проблематика



# Клиниката низ бројки

1,350 хоспитални пациенти
4,595 посети на поликлиничкиот дел
2,348 Операции (1,796 болнички, 552 амбулантски)
298 Пациентки со карцином на дојка
75 Пациентки со оваријален карцином
59 Пациентки со карцином на ендометрум
53 Пациентки со вулварен карцином

Клиниката низ бројки ( за 2014 год.)

3,016 породувања
3,224 родени деца
497 вкупен број на предвремено родени деца
88 предвремено родени <1,500 g
203 повеќеплодови бремености (6.7%)
327 надворешна верзија кај карлична презентација (54.4% успех)
84 вагинални породувања во карлична презентација
92 Ласерски процедури twin transfusion syndrome
29.7% Царски рез
8.7% стапка на епизиотомии




Учество на оваа далеку прочуена конференција
Посебна чест беше да се слуша, гледа и учи од најдобрите стручњаци од гинекологијата и онкологијата во Европа и САД.
Благодарност до колегите од Хамбург посебно до Dr. Mahner и Dr. Höink кои го овозможија присуство на оваа конференција.



Prof. Dr. David Cibula, Prague (CZ)





Prof. Dr. Sean Kehoe, Oxford (UK), Prof. Dr. Andreas du Bois, Essen (D)




Prof. Dr. Jalid Sehouli, Prof. Dr. Jens-Uwe Blohmer (Charité), Prof. Dr. William A. Cliby, Prof. Dr. Karl C. Podratz (Mayo Clinic)





Еден дел од обемниот програм на конференцијата
Во неколкуте наредни слајдови



SCIENTIFIC PROGRAM
THURSDAY, APRIL 16, 2015
Cervical, Endometrial, Vulvar Cancer and Sarcoma

## Live Surgery

Moderation: W. A. Cliby, J. Sehouli

1. Laparoscopic radical hysterectomy in cervical cancer
2. Surgical staging in cervical and endometrial cancer
3. Radical vulvectomy and plastic reconstruction
4. Nerve-sparing surgery

Surgeons: S. Greggi, E. Leblanc, S. Mahner, M. Mangler, M. Z. Muallem

Overview Lectures
Chair: C. Fotopoulou, B. Monk

Gynecological sarcoma: different to non-gynecological sarcoma or same entity?
J. Sehouli

Short Statement: The american perspective about morcellement in fibroids and sarcoma
C. J. Cohen

Screening options for patients with endometrial and ovarian cancer
J. Bakkum-Gamez

Robotic surgery in gynecologic oncology: options and limits
G. Scambia

Enhanced recovery after surgery for gynecologic malignancies
S. Dowdy

Pro und Contra: Locally advanced vulvar cancer
PRO
Primary surgery
S. Mahner
PRO
Neoadjuvant radiochemotherapy
S. Marnitz-Schulze
3.30–4.00 pmBreak

Pro und Contra
Chair: S. C. Dowdy, J. Sehouli
Fertility sparing approach in bulky cervical cancer (> 2 cm)
PRO
Neoadjuvant chemotherapy and cone excision
I. Vergote
PRO
Trachelectomy
M. Mangler

Cervical cancer
PRO
Systematic LND
D. Cibula
PRO
Only Sentinel node
S. Greggi

Cervical cancer
PRO
TMMR
P. Wimberger
PRO
Wertheim
W. Lichtenegger
PRO
Okabayashi
S. Fujii

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Заклучоци/Научени лекции

1.За време на мојот тримесечен едукативен престој на Отсекот за Гинеколошка Онкологија при Киниката за  Гинекологија во склоп на Universitätsklinikum Hamburg-Eppendorf, ја имав честа и задоволството да работам и да учам од врвни стручњаци, веќе претставени во презентацијата.
2. За тој период присуствував на повеќе од 100 хируршки зафати од областа на гинеколошката онкологија: околу 30 оперативни зафати поради карцином на ендометриум сите изведени со илијакална и парааортална лимфаденектомија. Голем дел од овие операции беа изведени  лапароскопски (хистеректомија со лимфаденектомија). Околу 25 оперативни зафати поради оваријален карцином со максимална циторедукција со вклучена лимфаденектомија заради комплетирање на стејџингот на болеста како и тотална оментектомија и перитонектомија. Дел од нив исто така изведени лапароскопски. При овие зафати онаму каде имаше потреба да се направи ресекција на црева или потреба од колостома/илеостома истата беше изведена од страна на абдоменални хирурзи. Околу 20 радикални операции поради карцином на вулва со ингвинална лимфаденектомија, дел од нив спроведени со помошна sentinel lymphnode детекција. Околу 10 радикални операции поради инвазивиен карцином на цервикс изведени со отворена и некои од нив со лапароскопска техника.

3. Моето искуство од областа на урогинекологијата и промените на тазова статика, беше од корист при вклопување во дијагнозата и третманот на пациентките од оваа област, иако примарно бев испратен за хируршко-онколошка едукација. Присуствував на повеќе од 30 оперативни интервенции од доменот на урогинекологијата и се запознав со нивниот начин на амбулантска обработка на овој тип пациенти.
4. Престојот во оваа елитна установа, овозможи одблиску да ги обсервирам и усвојам хируршките техники од областа на гинеколошката онкологија и урогинекологија, од кои сметам дека поедини процедури се веднаш применливи во мојата средина, додека за поедини ќе има потреба од минимално техничко доекипирање за да бидат воведени во стандардна пракса.

5. Учествував на редовните сотаноци кои се одржуваа секој вторник и петок во неделата на т.н. Tumor Board, каде сите членови на клиниката, вклучително и патолог и онколог и радиолог со субспецијалност за гинеколошка проблематика активно учествуваат во дискусиите и носењето на најдобро можно решение околу третманот на онколошките пациентки, како предоперативно така и постоперативно.

6. Стручниот персонал од Клиниката за Гинекологија и од Клиниката за Перинатална медицина имаат неделен состанок на кој се разгледуваат најновите објавени селектирани трудови од реномирани стручни списанија поврзани со секојдневната работа. Се презентираат од страна на лекарите на специјализација, а потоа се дебатира. Донесените заклучоци се однесуваат на евентуална промена во начинот на изведување на некоја процедура или дијагностичко-тераписка постапка. Се е засновано на медицина базирана на докази и за секое тврдење мора да постои поткрепа во литературата или во добрата клиничка пракса.



Посебна благодарност до Владата на Република Македонија и Министерството за Здравство на Република Македонија кои ми овозможија да го остварам овој едукативен престој и на тој начин, барем за кратко, да бидам дел од врвната светска медицина, а со себе да понесам и пренесам и дел од тоа во нашата земја.